ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2

Бр. 02-2806/6
08-04-2020

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 8.4.2020 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2019 година (дивиденден календар)

**Член 1**

Да се исплати дивидендата во бруто износ од 99.867.680 денари.

Банката, во согласност со важечката регулатива од бруто износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и уплати персонален данок на доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2019 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Висината на бруто дивиденда по акција ќе изнесува 110,00 денари, односно 11,00 % од номиналната вредност на акциите која изнесува 1.000 денари.

**Член 3**

Собранието на акционерите на ТТК БАНКА АД Скопје ќе се одржи на 08.04..2020 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2019 година е 23.04.2020 година.

**Член 4**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2019 година е 21.04.2020 година.

**Член 5**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2019 година е 22.04.2020 година.

**Член 6**

Исплатата на дивиденда за 2019 година ќе започне на 30.04.2020 година.

**Член 7**

Дивидендата за 2019 година ќе се исплатува во готово (трансакциски сметки на акционерите).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**
**Претседавач**
**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ